USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AED
And Colaborating Partners

# СОЗДАВАЊЕ ИНОВАТИВНИ УЧИЛИШТА: ПОДГОТВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА 21-ОТ ВЕК






## ...ПРИРАЧНИК ЗА УЧИЛИШНИТЕ ТИМОВИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Скопје, 2009
Проект за основно образование

# СОДРЖИНА


5 Вовед

6 Како да создадеме иновативни училишта кои учениците ќе ги подготвуваат за 21-от век?

8 Прилог 1. Карактеристики и принципи на висококвалитетниот професионален развој

12 Прилог 2 - Планирање, спроведување и оценување на професионалниот развој

18 Прилог 3 - Ефективни училишта и професионално учење

20 Прилог 4 - Елементи на позитивно влијание врз учењето на учениците

22 Прилог 5 - Рамка за учењето во 21-от век

27 Прилог 6 - Прирачник “Настава и учење на 21-от век„

28 Прилог 7 – Збирка материјали за наставата на 21-от век

29 Користена литература



# СОЗДАВАЊЕ ИНОВАТИВНИ УЧИЛИШТА: ПОДГОТВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА 21-ОТ ВЕК

## ...ПРИРАЧНИК ЗА УЧИЛИШНИ ТИМОВИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Целта на овој прирачник е да им помогне на ПЕП училишните тимови во планирањето на активностите за професионален развој на наставниците и подобрувањето на квалитетот на наставата и учењето.

Основната дејност на образованието е да делува во насока на поддршка на развојот на млади луѓе кои лесно ќе се вклопат во модерниот и глобализираниот свет. За остварување на оваа цел неопходен е континуиран професионален развој на наставниците и училишните директори.

Истражувањата покажуваат дека способноста, искуството и образованието на наставниците имаат големо влијание врз постигањата и успехот на учениците. Науките за образованието, во последно време, доаѓаат до нови сознанија за ефективни приоди во учењето и наставата. Оттука професионалниот развој на наставниците е најпродуктивното вложување кое може да резултира со подобрување на постигањата на учениците.

Прилог 1

Овој прирачник може да помогне во процесот на планирањето, имплементацијата и евалвацијата на активностите за професионален развој како дел од годишните програми на училиштата.

Материјалите, главно, даваат придонес во следните аспекти на професионалниот развој:

1. **Планирање** - определување на потребите на учениците за учење по пат на анализирање на податоците; утврдување на знаењето и вештините на наставниците врз основа на потребите на учениците за учење; дефинирање конкретни активности за стекнување на нови знаења и вештини што им се потребни на наставниците.
2. **Спроведување** на активностите од планот – следење на остварувањето на планот и неговото влијание врз наставната практика и постигањата на учениците; планирање решенија за да се надминат бариерите при спроведувањето на планираните активности.
3. **Евалвација** - дефинирање на очекуваните резултати и показателите/индикаторите за успехот; самооценување, анализа и размислување за ефектите од активностите за развој на наставниците кои училиштата во Проектот ги постигнуваат со примена на дефинираните показатели; користење на резултатите од евалвацијата при планирањето на идните активности за професионален развој на наставниците и преземање активности во таа насока.

Прилог 2

# Како да создадеме иновативни училишта кои учениците ќе ги подготвуваат за 21-от век?

Проектот за основно образование ги повикува училиштата да се вклучат во активноста за давање поддршка во професионалниот развој, под мотото: *Создавање иновативни училишта: Подготвување на учениците за 21-от век.*

Целта на поддршката е училиштата да се поттикнат да создадат стимулативна средина за професионален развој на наставниците со ставање акцент на индивидуалните постигања на учениците и ефективното работење на училиштата. Прилог 3

**Кои се основните критериуми и услови за учество во активноста под мотото** *Создавање иновативни училишта: Подготвување на учениците за 21-от век?*

Основните критериуми за учество на училиштата во оваа активност се наставниците да:

- ги применуваат новите знаења и вештини во својата наставна пракса стекнати на обуките организирани од страна на Проектот за основно образование;
- учествуваат во ПЕП процедурата за сертификација;
- се редовни посетители и корисници на ново создадената веб-страницата *Збирка материјали за наставата на 21-от век;*
- доставуваат материјали од активностите спроведени во училиштата поврзани со професионалниот развој на наставниците (план за професионалниот развој, подготовки на часови, видео снимки од часови, студии на случај, акциски истражувања).

Главен услов за учеството на училиштата за добивање поддршка од ПЕП е да го достават планот за професионален развој, којшто е дел од годишната програма на училиштето, тој да се спроведе/реализира и да се направи евалвација на резултатите од спроведувањето на планот на крајот на учебната година.

**Што треба да содржи планот за професионален развој и тек на активноста?**

Планот за професионален развој треба да биде фокусиран на подобрување на наставната практика од страна на сите наставници со крајна цел подобрување на постигањата на учениците и нивна подготовка за 21-от век. Прилог 4 Прилог 5

Училиштата што се заинтересирани за учество треба да бидат подготвени за активности кои се во согласност со главното мото, а тоа е да создаваат позитивна средина за примена на методи за наставата и учењето на 21-от век.
Исто така процесот на селекција ќе биде структуриран врз основа на главното мото. Прилог 6

Во текот на оваа активност Проектот за основно образование, заедно со советниците од Бирото за развој на образованието , постојано ќе обезбедуваат поддршка и помош на училиштата преку организирање различни активности за професионален развој според нивните потреби. Исто така училиштата ќе имаат пристап на веб-страницата *Збирката на материјали за наставата на 21-от век* за да можат успешно да го спроведат Планот за професионален развој и промените во практика со што ќе дојде до подобрување на наставата. Прилог 7

Имајќи ги предвид принципите за постојано подобрување на наставата, поддршката ќе биде во насока на создавање постојана соработка меѓу наставниците и заедничко планирање; создавање систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците; насоки како да се следат активностите и резултатите од професионалниот развој. Исто така, училиштата ќе имаат можности од помош во решавање на проблеми и прашања на кои наставниците ќе наидуваат во текот на процесите на промени.

На крајот на спроведувањето на активноста под мотото: *Создавање иновативни училишта: Подготвување на учениците за 21-от век* ќе се приберат податоците и резултатите за да се документира и реферира за процесите на спроведувањето. Овие податоци и информации од сите училишта кои се вклучени во активноста ќе се објават во публикација и ќе бидат достапни на веб-страницата *Збирката на материјали за наставата на 21-от век* со цел да можат да ги користат и другите училишта, како и креаторите на образовните политики.

# Временска рамка на активноста

## Спроведувањето на активноста ќе се врши во шест фази:

**I Фаза** — почеток на учебна година

**Процес на планирање во училиштето и пријавување**

Доставување на планот за професионален развој на училиштето како дел од годишниот план на училиштето во согласност со условите и предложените насоки од ПЕП

**II Фаза** — почеток на учебна година

**Селекција на училиштата**

**III Фаза** — прво и второ полугодие

**Спроведување на активноста во училиштата**

Доставување на материјали до ПЕП

**IV Фаза** — крај на учебна година

**Оценување/ Евалвација на активноста во училиштата**

**V Фаза** — крај на учебна година

**Извештај за научените лекции**

**VI Фаза** — крај на учебна година

**Промовирање на училиштата**

Веб-страницата *Збирката материјали за наставата на 21-от век* претставува он-лајн банка на ресурси за наставата и е наменета за наставниците да им помогне во наставната практика. Адресата е: **http://toolbox.pep.org.mk**

Проектот за основно образование ги повикува училиштата за учество во активноста *Создавање иновативни училишта: Подготвување на учениците за 21-от век* и материјалите да ги доставуваат на **info@pep.org.mk**

# Прилог 1

# Карактеристики и принципи на висококвалитетниот професионален развој

## Карактеристики на висококвалитетниот професионален развој

1. Претставува процес на континуирано учење, за разлика од учество на еднократни семинари.
2. Главната цел е подобрување на наставната практика и подобрување на учењето на учениците.
3. Професионалниот развој е составен дел на секојдневната работа на наставниците кои се вклучени во активностите и настаните (формални и неформални состаноци) прилагодени на потребите на учениците за учење.
4. Акцентот е ставен на суштинските активности на наставата и учењето – планирање на часовите, оценување на работата на учениците и ефективна наставна практика која овозможува подобрување на постигањата на учениците.
5. Поттикнува соработка и тимска работа која најчесто опфаќа размена на знаења и искуства и го продлабочува учењето за прашања поврзани со унапредувањето на наставата и учењето на учениците.
6. Вклучува учење и давање поддршка од искусни наставници/ментори кои помагаат во решавањето на проблемите поврзани со изведувањето на квалитетна настава и подобрувањето на постигањата на учениците.
7. Резултатите од истражувањата на практиката, преку анализи и акциски истражувања, се појдовна основа во планирањето на активностите за професионалниот развој.

## Принципи на висококвалитетниот професионален развој

Принципите се наменети за обезбедување висококвалитетен професионален развој со цел да се подобрат постигањата на учениците и ги покриваат сите три нивоа од образовниот систем – училишно, локално и државно ниво.

**Принцип бр. 1**
**Професионалниот развој е фокусиран на постигањата на учениците (не само на индивидуалните потреби на наставниците).**

**1**

Професионалниот развој има за цел да го подобри учењето и постигањата на учениците за да можат сите ученици да достигнат максимум во своите потенцијали за учење.

Користејќи ги изворите на податоци за резултатите од постигањата на учениците, професионалното учење на наставниците треба да се насочува според анализите на разликите помеѓу целите и стандардите за учењето и успехот на учениците. Таквите анализи помагаат да се определи што треба наставниците да учат, да ги стават учениците во центарот на нивниот професионален развој, како и да се зголеми довербата во користењето на ресурсите за професионален развој.

Резултатите на учениците ќе се подобрат доколку професионалниот развој го продлабочи знаењето на наставниците за тоа како подобро да им ги пренесуваат наставните содржини на учениците. ■

**Принцип бр. 2:**
**Професионалниот развој е насочен кон наставната практика и е дел од секојдневната работа на наставниците (не е дистанциран од училиштата).**

**2**

Професионалниот развој на наставниците треба да се одвива во училиштата и да биде дел од секојдневната наставна работа. Најмоќните и најзначајните искуства на учењето се јавуваат во училиштето каде наставниците директно можат да се соочат со непосредните проблеми и предизвици поврзани со учењето и наставата. Од големо значење е секојдневната соработка со колегите при што наставниците можат да дискутираат за прашања од наставата, да ги идентификуваат проблемите, да изнајдат решенија и истите да ги применат во нивната практика.




Тоа не подразбира дека другите искуства на учење надвор од училиштето треба да се потценат, како на пример постдипломските студии или учеството на обуки и семинари. Ваквите искуства на учење го надополнуваат професионалното учење кое се одвива во училиштето. Професионалниот развој треба да биде дел од наставната работа во училиштето, но, исто така, и да се збогати со идеи и извори на знаење надвор од училиштето. ■

**Принцип бр. 3:**
**Професионалниот развој ги следи резултатите од истражувањата поврзани со ефективното учење и настава (не е ограничено само на тоа што се знае во моментот).**

**3**

Професионалниот развој насочен кон подобрување на учењето на сите ученици ги подготвува наставниците да ги користат резултатите и сознанијата од истражувањата во донесувањето на одлуки поврзани со наставата. Успешните програми за професионален развој ги внесуваат наставниците во содржината која ја предаваат и им нудат знаења кои произлегуваат од истражувањата во врска со тоа како учениците ја учат таа содржина. Резултатите од истражувањата треба да им се достапни на наставниците со цел да им се овозможи

проширување и продлабочување на стручното знаење. Овие истражувања треба да вклучат информации за ефективната настава и учење, за тоа како учениците ја учат конкретната содржина, за водењето на паралелката, за оценувањето. ■

## Принцип бр. 4: Професионалниот развој е процес на соработка, вклучува размислување/рефлексија и повратни информации (не само индивидуално истражување).

4

Можностите за професионален развој треба да се поврзани со индивидуалните потреби на наставниците, но и да бидат организирани за решавање проблеми преку тимска работа. Организирани во тимови, наставниците преземаат колективна одговорност за решавањето на сложените проблеми од наставата и учењето, како и за подобрувањето на резултатите на учениците. Тимовите го споделуваат знаењето, стручноста и искуството со цел да го продлабочат учењето и да негуваат заемно разбирање за ефективната практика во паралелката. Тие ги создаваат условите за колегијално размислување и поддршка и помагаат работното оптоварување да се распореди рамномерно.

Конструктивните, објективните и поучните повратни информации за практиката на наставниците се важни за да се утврдат подрачјата за кои тие треба да си го подобрат своето работење и за да се создадат можности за професионален развој кои се однесуваат на подрачјата за подобрување.




Стручните, искусните наставници, училишните раководители или стручњаците надвор од училиштето, исто така, можат на наставниците да им дадат повратни информации во врска со нивниот професионален развој. На пример, повратните информации од колега на кој му верувате, во врска со работењето на тимот за професионален развој или партнерството за поучување или менторирање, се корисни за да се процени ефективноста на таквите стратегии. ■

## Принцип бр. 5: Професионалниот развој користи објективни податоци и проверени материјали за да го планира подобрувањето на постигањата и да ги мери ефектите.

5

Податоците за учењето и постигањата на учениците од различни извори (надворешни тестирања, матурата, примероци од трудови на учениците) можат да се користат за да се утврди содржината на професионалниот развој на наставниците и да се планира како ќе се следат ефектите од програмата за професионалниот развој.

Податоците треба да се прибираат редовно и тоа на ниво на ученик, наставник и училиште за да се помогне при насочувањето на професионалниот развој на наставниците. На пример, водењето на дневниците за учење од страна на учениците може да се искористи за да се утврдат подрачјата кои се потешки за нив или за да се утврди кој е напредокот на учениците на месечно ниво.

Податоците може да се користат за да се проценат и подобрат ефектите од професионалниот развој. Формативното оценување на наставниците им овозможува да вршат подобрувања и промени во текот на пократок период, додека сумативното оценување ја мери ефективноста на активностите за професионалниот развој и нивното влијание врз практиката и знаењето на наставниците, како и врз учењето на учениците. ■

## 6

**Професионалниот развој е континуиран процес, обезбедува поддршка и целосно е интегриран во културата и работењето на трите нивоа на образовниот систем - училишно, локално и централно/државно ниво (тој не е повремен и издвоен/независен процес).**

Професионалниот развој треба да биде континуиран, долгорочен и одржлив процес. Значајните и долгорочните промени во наставната практика не се случуваат во текот на неколку недели, туку во текот на месеци или години. Учењето преку работа, размислувањето, преработувањето е  долг процес кој се одвива во повеќе фази.

На наставниците им треба поддршка за нивниот професионален развој. Решавањето сложени проблеми поврзани со наставата и спроведувањето иновативни практики бараат стручност од надворешни експерти и дополнителни ресурси. Охрабрувањето и наградувањето на наставниците се, исто така, од голема важност за да може целосно да се посветат на работата и во изнаоѓањето нови начини на изведување на наставата, што понекогаш е доста тешко. Одржливата, непосредната и квалитетната поддршка е од суштинска важност за да се обезбеди подобрување на работата во училиштата, особено кога ќе се појават неочекувани проблеми.

> **ЗНАЧАЈНИТЕ И ДОЛГОРОЧНИТЕ ПРОМЕНИ ВО НАСТАВНАТА ПРАКТИКА НЕ СЕ СЛУЧУВААТ ВО ТЕКОТ НА НЕКОЛКУ НЕДЕЛИ, ТУКУ ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦИ ИЛИ ГОДИНИ**

Постојаниот професионален развој кој обезбедува поддршка мора да биде вграден во системот. Образовните институции на локално и државно ниво имаат одговорност да понудат добра практика по пат на учество во континуиран професионален развој. ■

## 7

**Принцип бр. 7: Професионалниот развој е индивидуална и колективна одговорност на сите нивоа во системот (не само на ниво на училиштето) и не е нешто што може да се избира.**

Професионалниот развој треба да се одвива на сите нивоа на образовниот систем. Претставува индивидуална и колективна одговорност која ги вклучува училиштата, локалното и државното ниво. За наставниците и училишните раководители, професионалниот развој треба да биде поврзан со работните цели на училиштето. Тие цели, исто така, треба да бидат во согласност со потребите и целите на локално и државно ниво. Професионалниот развој во голема мера е поврзан со подобрувањето на капацитетите на образовниот систем како целина.

Клучните фактори на државно и локално ниво треба да соработуваат за да развијат стратегии за подобрување на образованието и да понудат добри практики за професионалниот развој, да го следат подобрувањето на училиштата и системот. ■

# Прилог 2

## Насоки за планирање, спроведување и евалвација на професионалниот развој

### Шест елементи на планот за професионален развој на наставниците

Целта на професионалниот развој на наставниците е да им помогне да ги развијат и применат потребните вештини и знаење за изведување на квалитетна настава за да им помогнат на учениците да учат.

Како резултат на тоа, планирањето на високо-квалитетен професионален развој започнува по пат на проучување на потребите за учење кои ги имаат учениците и утврдување на знаењето и вештините на наставниците кои се потребни за да се задоволат тие потреби за учење. Очекуваните резултати од професионалниот развој на наставниците се дефинираат во однос на подобрената стручна практика, но долгорочните цели секогаш треба да се фокусирани на подобрените резултати на учениците.

Добриот план треба да биде доследен и:

- да започнува со јасен исказ кој е заснован на податоци во однос на потребите за учење на учениците и наставниците;
- да појаснува кои придобивки ќе ги имаат наставниците од учеството во професионалниот развој;
- да ги утврдува очекуваните резултати од професионалниот развој и показателите/индикаторите кои (1) јасно ја определуваат потребата за активностите и (2) можат да се следат и измерат;
- да ги утврдува активностите на професионалниот развој и понатамошните активности кои ќе следат и јасно да објаснува како тие ќе им помогнат на наставниците да ги постигнат очекуваните резултати;
- да појаснува како професионалниот развој ќе се евалвира за да се утврди (1) дали активноста се одвивала како што било планирано, (2) кои се согледувањата на наставниците во однос на тоа колку активноста била корисна и релевантна и (3) дали активноста ги постигнала планираните резултати;
- да ги утврдува потребните ресурси како поддршка на активностите за професионален развој, за понатамошните активности како надополнување и следење на истите и за евалвацијата вклучена во планот.

Тимот за планирање треба да ги разгледува следните прашања и да постигне согласност во однос на нивните одговори. Одговорите ќе го сочинуваат планот.

# Рамка за планирање на професионалниот развој

## 1. Која е потребата за професионален развој?



Првиот чекор во процесот на планирање е да се утврди потребата за професионален развој преку анализа на резултатите од учењето на учениците. Таа анализа ќе помогне да се утврдат слабостите помеѓу тоа што учениците го знаат и што можат да го прават и што се очекува од нив да знаат и да можат да направат. Исто така, таа анализа може да помогне да се утврдат причините за слабостите, вклучително и (1) неповрзаноста помеѓу знаењата кои ги има наставникот за содржината и/или наставните стратегии/методи и очекуваните резултати од учењето на учениците и (2) факторите во училиштето и паралелката кои го попречуваат учењето.

Откако тимовите за планирање ќе ги идентификуваат потребите за учење на учениците, што претставува долгорочен фокус на професионалниот развој, тимот треба да определи што треба наставниците да знаат и да можат да направат за да ги исполнат овие потреби за учење на учениците. Потребното стручно знаење и вештините кои ќе ги утврди тимот за планирање, заедно со конкретните очекувани резултати од професионалниот развој и показателите/индикаторите кои треба да се утврдат во подоцнежниот дел од планот, ќе ја определат содржината или фокусот на професионалното учење и развој.

Важен критериум при донесувањето на одлуките во врска со знаењето и вештините кои им се потребни на наставниците е дека истите треба да се засноваат на истражувања и искуства од успешна практика.

## 2. Кој треба да учествува во професионалното учење и развој?



Најчеста забелешка на наставниците во врска со професионалното учење и развој е дека е премногу унифицирано и дека не е прилагодено на индивидуалните потреби на наставниците. Поради тоа, важно е внимателно да се размисли во врска со тоа кои наставници треба да учествуваат во професионалното учење кое се планира, како и за тоа на кои наставници тоа нема да им биде од корист.

Како алтернатива, како што тимот за планирање ќе почне да размислува за конкретните активности на професионалното учење и развој, добро е да се размислува во насока како тие активности да се осмислат за да се задоволат потребите на наставниците со различно искуство и различно стручно знаење и вештини. Кога се планира професионален развој за да се поддржи една сеопфатна реформа, како што е на пример воведувањето на нов наставен план и програма и нова методологија и оценување, особено ако реформата претставува значителна промена на тековната практика, разумно е да се претпостави дека повеќето или, дури, и сите наставници ќе имаат корист од некаква помош при развивањето знаења и вештини кои се неопходни за да ги применат новите приоди во своите училници.

Разговорите во врска со тоа што наставниците треба да знаат и што треба да можат да работат, се суштински елементи на процесот на планирање. Најдобар начин да се започне е, можеби, да се прашаат наставниците кои видови активности за професионално учење и развој сметаат дека се корисни. Тоа може да се направи како дел од тековната работа на тимовите за унапредување на училиштето или по пат на поформални стратегии, како на пример фокус групи со наставници или истражувања за потребите и интересите на наставниците. Како што е многу важно наставниците да се вклучат во определувањето на своите потреби за професионално учење, исто така и директорите и другите училишни раководители и советници можат многу да придонесат со сугестии врз основа на нивните контакти со наставниците, набљудувањето на часовите, познавањето на резултатите од оценувањето на учениците и разбирањето на училишните приоритети.

# 3. Кои се очекуваните резултати од професионалниот развој?



Во овој дел од планот, тимот за планирање треба да ги дефинира потребите за професионално учење кои се претходно идентификувани во конкретни очекувани резултати на професионалното учење и според тоа да ги определи индикаторите/показателите. Како што тимот ги дефинира очекуваните резултати и показателите кои можат да се следат и мерат, групата/тимот, исто така, треба да започне да размислува за тоа *која* очекуваните резултати ќе бидат постигнати и за тоа како ќе се оценува активноста со цел да се утврди дали учесниците ги постигнале посакуваните резултати.
Општо земено, учеството на наставниците во висококвалитетното професионално учење и развој може да резултира во:

(а) **ново стручно знаење,** што вклучува совладаност на содржината, познавање на развојните карактеристики на децата и развојот на младите во адолесценцијата, разбирање на различните потреби и стилови на учење на учениците;

(б) **нови стручни вештини**, што вклучува наставни вештини, вештини поврзани со оценувањето на учењето на учениците, вештини кои се потребни за активно вклучување во напорите за подобрување на работата на училиштето и вештини кои се потребни за ефективна комуникација со родителите и другите членови на училишната заедница;

(в) **примена** и користење на нови стручни знаења и вештини.

Показателите кои се поврзуваат со резултатите од професионалното учење ги појаснуваат нивоата на совладаност и/или очекуваните начини на примена и користење на новите знаења и вештини. Индикаторите/показателите треба да бидат мерливи и/или да се видливи. Исто така, индикаторите/показателите треба да ги утврдат мерките и постапките за оценување на нивото на совладаност и/или способност да се применат новите знаења и вештини.

Во продолжение на текстот е даден пример за очекувани резултати од професионалниот развој и за индикатори за професионален развој кои се фокусираат како помош на наставниците за тие да ги продлабочат знаењата и вештините за примена на ефективни методи и приоди кои се потребни за да учениците ги подобрат вештините за критичко мислење и решавање проблеми:

**Очекуван резултат**

Наставниците ќе го применат знаењето дадено во материјалите за наставните методи кои вклучуваат учење преку самостојно истражување и примена на чекорите во процесот на истражување – изработка на план за истражување, собирање и обработка на податоците, пишување извештај и презентација на резултатите.

**Показател I**

Користење на материјали во кои се дадени насоки за изработка на квалитетно тематско планирање предложени од образовните институции и врз основа на кои наставниците самостојно ќе напишат план на темата во која ќе вклучат примена на учење преку самостојно истражување со опис за текот на активностите (дефинирање на истражувачка задача на која ќе работат учениицте, избор на потребни материјали, формирање на групи, определување на одговорностите на членовите на групите, интегрирање на ИКТ технологија, планирање на оценувањето).

**Показател II**

Наставниците самостојно ќе изработат и ќе ги применат дневните оперативни подготовки на час во кои детално се опишани активностите за секој чекор од истражувачката постапка. Наставниците ќе ги користат трудовите на учениците, белешките од следењето на работата на учениците и давањето одговори, дадените повратни информации и пополнетите инструменти за оценување за да се направи согледување за квалитетот на планираните часови и нивната примена.

**Показател III**

Наставниците самостојно ќе дефинираат јасни цели за учење кај индивидуални ученици и цели на целата паралелка кои треба да се постигнат во текот на целиот период на работа на истражувањето. Наставниците ќе бараат докази дека се постигнати поставените цели од трудовите на учениците и пополнетите инструменти за оценување. Поставените цели од подготовките за час ќе се проверат од страна на стручниот соработник и индивидуално на наставниците ќе им даде повратни информации за подготовката за час и начинот на примена на истражувачката постапка.

> **КОНКРЕТНОСТА ВО ДЕФИНИРАЊЕТО НА ОЧЕКУВАНИТЕ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ/ПОКАЗАТЕЛИ НАЈАВУВА ШТО ЗА ТИМОТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ЌЕ ПРЕТСТАВУВА ДОКАЗ НА УСПЕШНОСТ**

Конкретноста во дефинирањето на очекуваните резултати и индикатори/показатели најавува што за тимот за планирање ќе претставува доказ на успешност, а, исто така, им помага на учесниците и на другите однапред да разберат што се очекува од нив. Конкретноста во дефинирањето му помага на тимот за планирање да се фокусира на содржината, активностите за учење и наредните активности кои се потребни за да им се помогне на учесниците да ги постигнат очекуваните резултати (разгледани подолу во рамките на чекор бр. 4). На крај, конкретноста помага и во планирањето на евалвацијата (чекор бр. 5) со:

(1) давање информации при носењето на одлуките во врска со видовите податоци кои ќе треба да се соберат и кога тоа да се стори;

(2) обезбедување критериуми според кои треба да се евалвира успешноста на активноста.

## 4. Кои активности на учење и понатамошни активности ќе бидат вклучени во професионалниот развој?



Овој дел од планот треба да ги опише двете суштински компоненти на професионалниот развој: активностите за професионално учење и активностите кои се надоврзуваат на нив. Покрај тоа, тимот за планирање треба да ги земе предвид:

(1) суштинските улоги кои ги имаат директорите и другите училишни раководители во тоа што го поддржуваат учеството и вклученоста на наставниците во професионалниот развој;

(2) како професионалниот развој што е планиран ќе обезбеди поддршка или проширување на друг професионален развој во кој се вклучени планираните учесници.

Клучниот чекор во процесот на планирање е да се обезбеди овие компоненти да бидат доследни со очекуваните резултати и индикатори/показатели кои се определени за активноста.

Ефективниот професионален развој обично вклучува разновидни можности кои им ги нуди на учесниците за тие да совладаат ново знаење и вештини. Најефективни активности за професионален развој се оние активности кои ги вклучуваат наставниците како поединци кои активно учат и решаваат проблеми од наставата. Овие активности имаат тенденција да обезбедат можности во кои наставниците набљудуваат примена на нови вештини во наставата од страна на други наставници, како и можности во кои можат да го применат новото знаење и новите вештини во својата наставна практика, во идеален случај под водство и со поддршка на ментор или колега.
Покрај тоа, ефективниот професионален развој на одредена тема обично трае релативно долго време, од четири до шест месеци или можеби подолго. Овие продолжени периоди овозможуваат можности за примена на новото знаење и вештини, за размислување во однос на првичните искуства и за

ЕФЕКТИВНИОТ ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ОБИЧНО ВКЛУЧУВА РАЗНОВИДНИ МОЖНОСТИ КОИ ИМ ГИ НУДИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ТИЕ ДА СОВЛАДААТ НОВО ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ

приспособувања со цел да се исполнат потребите на одделни паралелки и ученици.

Активностите кои следат по првичните активности за учење – посебно можностите за практика под водство, внимателно размислување и структурирани повратни информации – обезбедуваат професионалниот развој да резултира во промени во наставната практика и во другите училишни активности и програми. Како што овие промени ќе се случуваат во наставната практика, така значително ќе се подобрат очекуваните резултати кај учениците.



## 5. Како ќе се евалвира професионалниот развој?

Планирањето на евалвацијата на професионалниот развој треба да започне што е можно побрзо и оние кои ќе бидат одговорни за евалвацијата треба да се вклучени и во тимот за планирање.

Процесот на евалвација вклучува планирање на евалвацијата, избор на инструменти, подготовка на тимот за евалвација, прибирање и анализа на податоци и поднесување извештаи.

Општо земено, евалвацијата на професионалниот развој на наставниците треба да разгледува три прашања:

- Дали професионалниот развој се одвивал според планираното?
- Какви биле впечатоците на наставниците за професионалниот развој?
- Дали професионалниот развој ги постигна очекуваните резултати (како што е наведено во чекор бр.3 од процесот на планирање)?

ПРОЦЕСОТ НА ЕВАЛВАЦИЈА ВКЛУЧУВА ПЛАНИРАЊЕ НА ЕВАЛВАЦИЈАТА, ИЗБОР НА ИНСТРУМЕНТИ, ПОДГОТОВКА НА ТИМОТ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА, ПРИБИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

Одговорите на првото прашање укажуваат дали професионалното учење и развој се спровело како што било планирано и дали наставниците кои се очекувало да учествуваат навистина учествувале во сите активности наведени во чекор бр.4 од процесот на планирање. Овие одговори можат да им помогнат на оние кои ја планирале евалвацијата и на обучувачите/предавачите на различните активности за професионално учење да утврдат дали се потребни промени во текот на обуката за да се подобри спроведувањето и примената или за да се зголеми учеството.

Гледиштата на наставниците во однос на тоа колку содржината на професионалното учење и развој е корисна, особено во однос на тоа колку истата е соодветна со тековните задачи на наставниците, се потенцијално корисни показатели за веројатноста наставниците да го применат новото знаење и практика во својата настава во училиштето.

Одговорите на третото прашање помагаат да се провери влијанието и ефектите од професионалниот развој. По пат на определување на очекуваните резултати и показателите кои се видливи и мерливи, процесот на планирање ефективно создава рамка за утврдување дали професионалниот развој ги постигнува очекуваните резултати. Општо гледано, добрата евалвација ќе направи преглед на напредокот при постигнувањето на очекуваните резултати и ќе се концентрира на показателите кои се утврдени за секој очекуван резултат.

6

# 6. Кои ресурси се потребни за да се поддржат активностите за професионално учење, натамошните активности и евалвацијата која е вклучена во планот?



Ефективното професионално учење бара соодветни ресурси, време, луѓе, просторни капацитети, опрема и пари. Внимателното планирање може да утврди кои ресурси се потребни и може да обезбеди истите да бидат на располагање. Кога тие ресурси не се достапни, или доколку не се достапни кога се потребни, ефективноста на активноста и нејзиниот резултат кај учесниците ќе биде намален.

# Спроведување/имплементација

Оваа фаза е многу важна за постојаниот напредок во училиштето. Мора да се спроведува континуирано во текот на училишната година бидејќи тоа не е настан за крајот на годината, тоа е постојан мирен процес на посветување внимание и приспособување тогаш кога тоа е потребно.

Во текот на оваа фаза училишните тимови го следат напредувањето на планот за професионално учење **и неговото влијание врз постигањата на учениците** и проверуваат дали активностите и задачите за секоја цел напредуваат во склоп на утврдените временски рамки.

Придржувањето кон усвоениот распоред и датумите на планот ќе му помогне на училиштето постојано да се движи напред кон постигнување на општите цели за подобрување на учењето кои систематски ќе ги зголемат постигањата на учениците во училиштето.

# Прилог 3

## Ефективни училишта и професионален развој

### Висококвалитетниот професионален развој е една од деветте карактеристики на ефективните училишта.

### 1 Јасен и споделен фокус...

Сите знаат каде се движат и зошто се движат таму. Фокусот е на постигањето на поставената визија и сите си ја знаат својата улога. Фокусот и визијата се развиени како резултат на заеднички верувања и вредности, со што се создава доследна насока за сите кои се вклучени.

### 2 Високи стандарди и очекувања за сите ученици

Наставниците и раководниот кадар веруваат дека сите ученици можат да учат и да постигаат високи стандарди. Иако има согледување дека некои ученици мора да надминат значителни бариери, тие бариери не се гледаат како непремостливи. На учениците им се нуди амбициозен и прецизен курс за учење.

### 3 Ефективно училишно раководство...

За ефективно наставно и административно раководство потребно е спроведување на процеси на промени. Ефективните лидери се проактивни и ја бараат помошта која им е потребна. Исто така, тие спроведуваат наставни програми и училишна култура кои водат кон учење и професионален развој. Ефективните лидери можат да имаат различни стилови и улоги – наставниците и другиот кадар, вклучувајќи ги и оние кои се во локалната самоуправа, често имаат лидерска улога.

### 4 Високи нивоа на соработка и комуникација

Постои силна тимска работа кај наставниците од сите одделенија и другиот кадар. Сите се вклучени и соработуваат меѓусебно во идентификувањето на проблемите и изнаоѓањето на решенија, вклучувајќи ги и родителите и членовите на заедницата.

## 5 Фокусиран професионален развој

Се става силен акцент на професионалниот развој според потребите на наставниците. Повратните информации од учењето и наставата даваат насоки за постојан професионален развој. Поддршката, исто така, се усогласува според училишната визија и поставените цели.

## 6 Наставниот план и програмата, наставата и оценувањето се усогласени со стандардите...

Планираниот и постоечкиот наставен план и програмата се усогласени со основните академски барања за учење. Се користат наставни стратегии и материјали кои се засноваат на истражување. Кадарот ја разбира улогата на оценувањето во наставата и екстерното оценување, што се мери со оценувањето и како се оценува работата на учениците.

## 8 Средина за учење која пружа поддршка...

Училиштето е безбедна, здрава и интелектуално стимулативна средина за учење. Учениците чувствуваат дека се почитувани и поврзани со кадарот и се вклучени во учењето. Наставата е индивидуализирана и го зголемуваат контактот на учениците и наставниците.

## 7 Постојаниот циклус на оценување на учениците ги идентификува оние на кои им е потребна помош

За нив се обезбедува повеќе поддршка и време во наставата или во текот на училишниот ден или надвор од вообичаените часови во училиштето. Наставата се приспособува врз основа на честото следење на напредокот и потребите на учениците. Резултатите од оценувањето се користат за да се даде поголем фокус на наставните програми и да се подобрат.

## 9 Високи нивоа на вклученост на семејството и заедницата

Постои чувство дека сите се одговорни за образованието на учениците, а не само наставниците и кадарот во училиштето. Семејствата, претпријатијата, училишните агенции и универзитетите/факултетите во заедницата, сите имаат важна улога во овој процес.

# Прилог 4

## Елементи на позитивно влијание на учењето кај учениците

**Елементите за позитивно влијание обезбедуваат заеднички јазик и визија за обемот и сложеноста на учењето на учениците со кои сите наставници можат да ја дефинираат и развијат својата практика.**

### Елемент I

**Учењето на учениците е структурирано да биде со разбирање.**

Сите ученици: да знаат што се учи и што е потребно да се научи; да го знаат напредувањето при учењето кон исполнувањето на целите на учењето; да знаат како да дојдат до пристап кон дополнителна поддршка кога е потребно; да се вклучуваат во соодветни развојни активности на учење; да ја гледаат целта на учењето како своја; јасно да ги разбираат разновидните стратегии за размислување и истите да ги применуваат во различни ситуации; да имаат доволно време да размислуваат за дилемите, да дојдат до одговори и да работат на задачи за учење кои соодветно го поттикнуваат размислувањето; да го артикулираат, оценуваат и приспособуваат своето размислување.

### Елемент II

**Искуствата на учење низ кои минуваат учениците имаат цел да ги вклучат и поддржат сите ученици во учењето.**

Сите ученици: да ги препознаваат разликите во приодите на учење; да ги сфаќаат клучните идеи и концепти преку различни излагања и објаснувања; да се вклучуваат во значајни задачи за да ги достигнат целите; да работат индивидуално и во групи со примена на ефективни вештини и стратегии; да користат различни материјали и ресурси за учење за да ги исполнат своите потреби; да се грижат, да го ценат и да се посветени на своето учење; соодветно на возраста да ја преземаат сѐ повеќе и повеќе сопственоста за своите искуства на учење.

### Елемент III

**Оценувањето на учениците се користи за да се насочува учењето.**

Сите ученици: да го разберат односот помеѓу целите на учење и применетите оценувања; да знаат дека оценувањето е правично и објективно; знаат дека нивните „најдобри дела“ ќе се употребат за да се извлечат точни заклучоци; да го следат својот напредок со примена на различни методи и извори; да размислуваат и поставуваат цели за да ја завладеат содржината; да размислуваат за својот процес на учење; да се активни учесници во своето учење заедно со наставникот; активни партнери во оценувањето на своето учење со своите родители; да се поддржуваат едни со други при оценувањето на учењето.

**Елементите на процесот за професионален развој обезбедуваат непречен раст преку различните нивоа на сертифицирање и професионален развој кој трае во текот на целата кариера за позитивно да се влијае врз учењето на учениците.**

### Елемент IV

**Учениците учествуваат во одржувањето на ефективна средина за учење.**

Сите ученици: да учествуваат во изборот на правилата на паралелката и последиците за нивното непочитување; да ја знаат рутината на паралелката и да знаат соодветно да ракуваат со материјалите за учење; да ја разбираат потребата за соодветно однесување при учење и да избираат да го променат несоодветното однесување; да ја следат рутината за правилно движење во рамките на паралелката и брзо да преминуваат од една активности во друга; да се чувствуваат безбедно, удобно и да имаат доверба во средината на учење; да знаат дека секој се третира подеднакво; да знаат дека можат да се искажат и соодветно да бидатислушани; да применуваат добри вештини, навики и ставови за да го насочуваат своето учење, материјали и време; да знаат како да планираат и да ја вршат својата работа според ефективните модели.

### Елемент V

**Учениците се подготвуваат да живеат и да работат во мултикултурен свет.**

Сите ученици: да учат за процесот во група и да работат со други; да ги знаат личните силни и слаби страни кои ги внесуваат во групната работа; да го препознаваат и ценат придонесот на другите; да се изложени на културна разновидност; да знаат дека нивниот културен идентитет се почитува и да го почитуваат културниот идентитет на другите; да ги поврзуваат своите доживувања и искуства за да изградат врска со содржината за учење; да користат материјали и наставен план и програма кои ја почитуваат културата и развиваат свест за пристрасноста; да интегрираат повеќе подрачја на содржини и да можат да ги применат во контекстот на учење во училницата и во заедницата; активно да учат за различните улоги и можности за кариера во заедницата; да развиваат технолошки компетенции; да интегрираат технологија во секојдневното учење и искуство; да имаат пристап и да користат техничка опрема на одговорен начин.

### Елемент VI

**Наставниците ја развиваат креативноста и стручноста и се активни во професијата за позитивно да влијаат врз учењето на учениците.**

Сите ученици се под позитивно влијание кога наставникот соработува со нивните родители; кога е практичар кој размислува и применува план за професионален развој; кога е во тек со најновите случувања во струката; кога соработува со други стручњаци и партнери од заедницата.



# Прилог 5

## Рамка за учењето во 21-от век

Партнерството за вештините за 21 –от век разви визија за успешност на учениците во новата глобална економија од 21-от век.

Очекувани резултати на учениците и системи за поддршка во 21-от век



# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО 21-ОТ ВЕК

Елементите кои се опишани во овој дел како „Очекувани резултати на учениците во 21–от век“ се вештините, знаењето и стручноста кои учениците треба да ги стекнат за да постигнат успех во работата и животот во 21-от век.

Партнерството за вештините на 21-от век разви заедничка визија за учењето во 21-от век што се користи за подобрување на образованието во Америка. Партнерството креираше Рамка за учење во 21-от век која ги опишува вештините, знаењето и стручноста кои учениците мора да ги владеат за да успеат во работата и животот. Само кога училиштата или локалните заедници ќе ја искомбинираат Рамката со професионалниот развој, оценувањето и стандардите на 21-от век, ќе може да се обезбеди сигурност дека матурантите од средното училиште се подготвени да опстанат во денешната глобална економија.

Вештините на 21-от век ги претставуваат очекуваните резултати на учениците кои се потребни за 21-от век, т.е. учениците треба да се стекнат со вештини за учење и иновација (креативност и иновација, критичко размислување и решавање проблеми итн.), информативни, медиумски и технолошки вештини, основните предмети и темите на 21-от век (глобална свест, финансиска писменост итн.) и животни и кариерни вештини (иницијативност, самонасочување) (обоените делови на виножитото).




# ОСНОВНИ ПРЕДМЕТИ И ТЕМИ НА 21-ОТ ВЕК

Совладаноста на **основните предмети и теми на 21–от век** е од најголемо значење за учениците. Основните предмети вклучуваат англиски јазик, читање или јазични уметности, светски јазици, уметност, математика, економија, природни науки, географија, историја и граѓанско образование.

Веруваме дека училиштата мора да се дистанцираат од фокусот кој е ставен врз базичните компетенции во основните предмети за да го унапредат разбирањето на наставните содржини на многу повисоки нивоа по пат на вметнување на **интердисциплинарните теми од 21-от век** во основните предмети:

- глобална свест;
- финансиска, економска, деловна и претприемачка писменост;
- граѓанско образование;
- здравствено образование.

# ВЕШТИНИ ЗА УЧЕЊЕ И ИНОВАЦИЈА

Вештините за учење и иновација ги издвојуваат оние ученици кои се подготвени за сé посложениот живот и работните места во 21-от век од оние кои не се подготвени за нови предизвици. Тие вклучуваат

## 1. Креативност и иновација

### Креативно размислување

- Користење различни техники за креирање идеи (како што е бура на идеи).
- Креирање нови и оригинални идеи.
- Образложување, анализа и процена на сопствените идеи со цел да се подобрат и зголемат креативните напори.

## 2. Критичко размислување и решавање проблеми

### Ефективно размислување

- Користење различни видови на размислување (индуктивно, дедуктивно) во зависност од дадената ситуација.

### Користење на системи на размислување

- Анализа на начинот како деловите се поврзани со целината за да може да се обезбедат целосни резултати во сложените системи.

### Донесување на процени и одлуки

- Ефективна анализа и процена на доказите, аргументите, тврдењата и верувањата.
- Анализа и процена на главните алтернативи во однос на тврдењето.
- Синтеза и поврзување на информациите и аргументите.
- Толкување на информацијата и донесување заклучоци врз основа на сеопфатна анализа.
- Критичка рефлексија на искуственото учење и процесот.

### Креативна работа со другите

- Ефективно развивање, спроведување и споделување на новите идеи со другите.
- Отвореност и прифаќање нови и различни перспективи; вклучување на идеите и коментарите на другите во текот на работата.
- Демонстрирање на оригиналност и инвентивност во работата и разбирање на ситуациите од реалниот живот за да се усвојат новите идеи.
- Гледање на грешките како на можност за учење; прифаќање дека креативноста и иновацијата претставуваат долгорочен и цикличен процес на помали успеси и поголеми грешки.

### Примена на иновациите

- Користење на креативните идеи на начин којшто ќе овозможи корисен придонес во областа каде што иновацијата се случува.

## 3. Комуникација и соработка

### Јасна комуникација

- Ефективно образложување на мислите и идеите со користење на усни, писмени и невербални комуникациски вештини на различни начини и во различни контексти.
- Ефективно слушање за да се разбере смислата притоа имајќи ги предвид знаењето, вредностите, ставовите и намерите.
- Користење на комуникацијата во различни цели (на пр. при информирање, мотивирање, убедување и давање инструкции).
- Користење различни медиуми и технологии и поседување знаење како однапред да се направи процена на ефектите и како да се оцени нивното влијание.
- Ефективно комуницирање во различни средини.

### Соработка со другите

- Демонстрирање способност да се работи ефективно и со почит во различни тимови.
- Практикување флексибилност и подготвеност да се направи компромис заради постигнување одредена цел.

- Преземање заедничка одговорност за соработката и почитување на индивидуалниот придонес на секој член на тимот.

# ИНФОРМАТИЧКИ, МЕДИУМСКИ И ТЕХНОЛОШКИ ВЕШТИНИ

Луѓето во 21-от век живеат во окружување кое го движи технологијата и медиумите, што се карактеризира со пристап до огромен број информации, брзи промени во технолошките алатки и способноста да се соработува и дава индивидуален придонес од невидени размери. За да бидат ефективни во 21-от век, граѓаните и работниците мора да бидат способни да покажат еден цел спектар на функционални вештини и вештини за критичко размислување, како на пример:

## 1. Информатичка писменост

### Оценување и евалвација на информациите

- Ефикасно (време) и ефективно (извори) оценување на информациите.
- Критичко и компетентно евалвирање на информациите.

### Користење и менаџирање на информациите

- Точно и креативно користење на информациите за одредено прашање или проблем.
- Менаџирање на текот на информациите од различни извори.
- Примена на етички/легални прашања во пристапот и користењето на информации.

## 2. Медиумска писменост

### Анализа на медиумите

- Разбирање како, зошто и со која цел се конструирани медиумските пораки.
- Проверка на тоа зошто поединците различно ги толкуваат пораките, колку вредностите и гледиштата се вклучени или не и колку медиумите можат да делуваат на убедувањата и однесувањето.

### Креирање на медиумски продукти

- Разбирање и користење на најсоодветните креативни медиумски алатки, карактеристики и усвоени правила.
- Разбирање и ефективно користење на најсоодветните искажувања и толкувања во различните и мултикултурните средини.

## ИКТ (информациска, комуникациска и технолошка) ПИСМЕНОСТ

### Ефективна примена на технологијата

- Примена на технологијата како алатка за истражување, организирање, евалвирање и комуницирање со информациите.
- Соодветно користење на дигиталните технологии и другите комуникациски алатки во пристапот, менаџирањето, интегрирањето, евалвацијата и креирањето на информациите со цел успешно функционирање во современата економија.

# ЖИВОТНИ И КАРИЕРНИ ВЕШТИНИ

Денешниот живот и работните места бараат многу повеќе од вештини за размислување и знаење на содржините. Потребата за справување со комплексните животни и работни окружувања во глобално конкурентната информациска ера бара учениците да посветуваат сериозно внимание на развојот на соодветните животни и кариерни вештини, како на пример:

## 1. Флексибилност и приспособливост

### Приспособливост и промена

- Приспособливост на различни улоги, работни одговорности, временски рамки и контексти.
- Ефективно работење во атмосфера на променливост на приоритетите.

### Флексибилност

- Позитивно прифаќање на повратните информации и коментари.
- Позитивно справување со пофалбата, неуспехот и критиката.
- Разбирање, преговарање и балансирање на различните погледи и верувања за да се постигне соодветно решение, особено во мултикултурна средина.

## 2. Иницијативност и самонасочување

### Менаџирање со целите и времето

- Поставување цели со остварливи и неостварливи критериуми на успешност.
- Балансирање на тактичките (краткорочни) и стратегиските (долгорочни) цели.
- Ефективно користење на времето и менаџирање со работните обврски.

### Самостојно работење

- Следење, дефинирање, давање приоритети и комплетирање на работните задачи без директна супервизија.

### Самодирективно учење

- Настојување да се постигне повеќе отколку само усвојување на основните вештини, подлабоко да се проучува и проширува сопственото учење, како и искористување на можностите да се стекне поголема стручност.
- Демонстрирање иницијатива за усвојување на вештините на повисоко и поквалитетно ниво.
- Демонстрирање посветеност на учењето како доживотен процес.
- Критичка рефлексија на претходното искуство со цел постигнување на подобри идни резултати.

## 3. Социјални и мултикултурни вештини

### Ефективна интеракција со другите

- Стекнување навика кога треба да се слуша, а кога да се зборува.
- Професионален начин на однесување со респект кон другите.

### Ефективно работење со различни тимови

- Почитување на културните разлики и ефективно работење со личности од различни социјални и културни средини.

- Реагирање без предрасуди на различни идеи и вредности.
- Искористување на социјалните и културните разлики за креирање нови идеи и зголемување на иновативноста и квалитетот на работата.

## 4. Продуктивност и отчетливост

### Менаџирање со проекти

- Поставување и постигнување одредени цели во услови на постоење на бариери и притисок од конкуренцијата.
- Определување приоритети и планирање и менаџирање на работата за да се постигне посакуваниот резултат.

### Постигнување на резултати

- Демонстрирање особини поврзани со постигнување на високи резултати:
- позитивно и етичко работење;
- менаџирање со време и со проекти;
- работа на повеќе задачи;
- активно, доследно и точно учество;
- способност за професионално себепретставување со соодветните карактеристики;
- ефективно учество во тимска работа;
- почитување на разликите во тимската работа.

## 5. Лидерство и одговорност

### Насочување и водење на другите

- Користење интерперсонални вештини и вештини за решавање на проблемите за да се влијае на другите и да се насочуваат кон постигнување на целта.
- Искористување на силните страни на другите за постигнување на заедничката цел.
- Давање сопствен позитивен пример на другите како инспирација да го постигнат најдоброто.
- Демонстрирање интегритет и етичко однесување во користењето на влијанието и моќта.

### Одговорност кон другите

- Одговорно однесување имајќи ги предвид интересите на пошироката заедница.

# СИСТЕМИ ЗА ПОДДРШКА ВО 21-ОТ ВЕК

Развојот на сеопфатна рамка за учењето во 21–от век бара повеќе отколку само идентификување на конкретни вештини, знаење на содржини, стручност и различна писменост. Мора да се создаде иновативен систем за поддршка за да им се помогне на учениците да ги совладаат повеќедимензионалните способности кои се бараат од нив во 21–от век. Партнерството идентификуваше пет највважни системи за поддршка кои им обезбедуваат на учениците совладување на вештините на 21-от век.

- Стандарди на 21–от век
- Оценување на вештините на 21–от век
- Настава и наставен план и програма на 21–от век
- Професионален развој на 21–от век
- Средина за учење на 21–от век

# Прилог 6

## Прирачник “Настава и учење на 21-от век”

Прирачникот „Настава и учење на 21- от век“ е една од најновите публикации која што Проектот за основно образование ја подготви и е само дел од бројните изданија од веб-страницата „Збирка материјали за наставата на 21-от век“.

Прирачникот е наменет за наставниците за да им помогне во наставата и нуди интересни идеи за најновите стручни достигнувања во наставата, за современите наставни пристапи, можност за развивање визија за квалитетна настава и како учениците да се подготват со знаењата и вештини на 21 – от век за да можат да успеат во животот и воопшто во општеството на 21-от век.



# Прилог 7

## Веб- страница „Збирка материјали за наставата на 21-от век“

Веб- страницата *„Збирка материјали за наставата на 21-от век“* претставува он-лајн банка на ресурси и содржи различни наставни материјали, дополнителна литература за читање, примери на добра практика, видео снимки на часови  и многу други информации кои на наставниците може да им даваат нови идеи за примена во нивната настава.



# Користена литература


Професионален развој во ефективни училишта – Седум принципи на висококвалитетниот професионален развој (Professional Learning in Effective Schools -The Seven Principles of Highly Effective Professional Learning
http://www.eduweb.vic.gov.au/edulibrary/public/staffdev/teacher/induction/ProfLearningInEffectiveSchools.pdf

Насоки за професионалниот развој на наставниците – Мериленд (Maryland teacher professional development)
http://www.marylandpublicschools.org/NR/rdonlyres/DF957230-EC07-4FEE-B904-7FEB176BD978/18591/MarylandTeacherProfessionalDevelopmentPlanningGuid.pdf

Ефективни училишта и стручна надградба - Висококвалитетната стручна надградба е една од деветте карактеристики на добрите училишта (Effective schools and professional learning - Nine Characteristics of High-Performing Schools) http://whs.wsd.wednet.edu/Faculty/Library/docs/9charactforSIP.pdf

Партнерство за вештини за 21-от век (Partnership for 21st Century Skills)
http://www.21stcenturyskills.org/

Професионалниот развој во акција: Поврзување на професионалниот развој со учењето кај учениците (Professional Development in action: Linking Professional Development to Personalizing Student Learning)
http://www.k12.wa.us/ProfDev/pubdocs/ProfGrowthPlanningGuidelinesInAction.pdf

Прирачникот е финансиран од американскиот народ, преку Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД Македонија, во рамките на Проектот за основно образование што го спроведува Академијата за развој на образованието (АЕД).
Ставовите на авторите искажани во овој прирачник не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Подготовка:
Снежана Јанкуловска

Графичко уредување:
Кома Лаб.





http://pep.org.mk/
http://toolbox.pep.org.mk